Gmail

Emilija Ilievska <emilija.ilievska.ob@gmail.com>

# Издадено одобрение за реконструкција и адаптација

1 message

[redacted]

Thu, May 8, 2025 at 10:43 AM

To: evgenija.cukaleva.ob@gmail.com, emilija.ilievska.ob@gmail.com
Cc: [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 08. 05. 2025

| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 11 | 87/1 | | |


Почитувани,

**ве молам за инфо дали е издадено одобрение за реконструкција и адаптација (или слични градежни одобренија/дозволи) на објект од ул.Широк Сокак 42а, КП 11502, КО Битола3?**

Барав на официјалната страна на Општина Битола, но не можам да најдам.

Ве молам за проверка и повратен одговор.

Ви Благодарам.

Со почит,
[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за спроведување урбанистички планови

Бр.11-87/2
09.05.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-87/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште
**Одделение за спроведување на урбанистички планови**
**09.05.2025 год.**

**До**
**Сектор за правно – нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 12.05.2025

| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 11 | 87/3 | | |


ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање**

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање со број 11-87/22 од 09.05.2025 год. со кое барате информација дали од страна на Општина Битола е издадено Одобрение/Решение за реконструкција и адаптација, односно каков било правен акт, за објектот на ул. „Широк Сокак" бр. 42а, на КП бр. 11502 КО Битола 3, Ве информираме дека предметниот објект се наоѓа во Старо градско јадро на Битола за кое Општина Битола нема надлежност.

Дополнително, Ве упатуваме да се обратите до Министерството за транспорт, како надлежна институција за спроведување на урбанистичките планови во Старото градско подрачје на град Битола.

Раководител на Одделение

Христијан Атанасовски, д.и.а.

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-87/4
12.05.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **08.05.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-87/2025** од **08.05.2025 година**, каде бара информација дали е издадено одобрение за реконструкција и адаптација ( или слични градежни одобренија/дозволи) на објект од ул.Широк Сокак 42а, КП 11502 КО Битола 3.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **бр.11-87/2025** од **08.05.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информација дали е издадено одобрение за реконструкција и адаптација ( или слични градежни одобренија/дозволи) на објект од ул.Широк Сокак 42а, КП 11502 КО Битола 3.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-87/1 од 08.05.2025
2.Допис до Одделение за спроведување урбанистички планови со бр.11-87/2 од 09.05.2025
3.Одговор од Одделение за правно нормативни работи со бр.11-87/3 од 12.05.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 12.05.2025 година, под бр. 11-87/4.

**Службени лица за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА